Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот
за констатирање престанок на мандатот на Пеце Ташевски
член на Советот на Општината Битола, заради неспоивост на функцијата
член на Советот со директор на Бирото за судски вештачења

1. Го објавувам Заклучокот за констатирање престанок на мандатот на Пеце Ташевски член на Советот на Општината Битола, заради неспоивост на функцијата член на Советот со директор на Бирото за судски вештачења, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.01.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-197/1
30.01.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 46 став 1 алинеа 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 8 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.01.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за констатирање престанок на мандатот на Пеце Ташевски
член на Советот на Општината Битола, заради неспоивост на функцијата
член на Советот со директор на Бирото за судски вештачења

1. Се констатира престанок на мандатот на Пеце Ташевски член на Советот на Општината Битола, заради неспоивост на функцијата член на Советот со директор на Бирото за судски вештачења, сметано од 26.12.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-97/3
25.01.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

## за објавување на Решението за избор на Претседател и членови на Верификационата комисија

1. Го објавувам Решението за избор на Претседател и членови на Верификационата комисија, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.01.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-197/2
30.01.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05) и член 10 од Деловникот на Советот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.15/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.01.2008 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за избор на Претседател и членови на Верификационата комисија

1. Се избираат претседател и членови на Верификационата комисија на Советот на Општината Битола во состав:

Претседател: Виолета Гаџовска
Членови: Живко Гацовски
Мира Василевска
Менде Диневски и
Илија Дупчинов

2. Верификационата комисија врз основа на известувањето од Изборната комисија на Општината Битола, доставеното уверение од членот на Советот, а по утврдувањето на неговиот идентитет, поднесува извештај до Советот со предлог за верификација на мандатот на членот на Советот на Општината Битола.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.07-97/4
25.01.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за верификација
на мандатот на член на Советот на Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.01.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-197/3
30.01.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.01.2008 година, донесе

# О Д Л У К А

## за верификација на мандатот на член
## на Советот на Општината Битола

### Член 1

Се верифицира мандатот на членот на Советот на Општината Битола Сузана Зиковска, избрана на локалните избори одржани на 13.03.2005 година од листата на кандидати на ВМРО-ДПМНЕ со коалиционите партнери.

### Член 2

Мандатот на новоизбраниот член на Советот ќе трае до крајот на мандатот на членовите на Советот на Општината Битола.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-97/5
25.01.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот за прифаќање
усното информирање на членовите на Советот
од страна на Градоначалникот на Општината Битола

1. Го објавувам Заклучокот за прифаќање усното информирање на членовите на Советот од страна на Градоначалникот на Општината Битола, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.01.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-197/4
30.01.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 56 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.01.2008 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за прифаќање усното информирање на членовите на
Советот од страна на Градоначалникот на Општината Битола

1. Градоначалникот на Општината Битола ги информира членовите на Советот на Општината Битола за извршувањето на неговите надлежности и одлуките донесени од Советот за периодот јули-декември 2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола.

Бр.07-97/6
25.01.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот за прифаќање
Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на
Општината Битола за четвртиот квартал во 2007 година

1. Го објавувам Заклучокот за прифаќање Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал во 2007 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.01.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-197/5
30.01.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 32 точка 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/04) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.01.2008 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за прифаќање Кварталниот извештај за извршување
на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал во 2007 година

1. СЕ ПРИФАЌА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал во 2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола.

Бр.07-97/7
25.01.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за измена и дополнување
- проширување на средствата во Буџетот на
Општината Битола за 2008 година

1. Ја објавувам Одлуката за измена и дополнување-проширување на средствата во Буџетот на Општината Битола за 2008 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.01.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-197/6
30.01.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 36 ст. 1 т. 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002 година) и член 70 од Статутот на Општината Битола (Службен гласник на општина

Битола бр 10/2005 година), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.01.2008 година ја донесе следната

ОДЛУКА
За измена и дополнување - проширување на средствата во Буџетот на
Општина Битола за 2008 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена и дополнување -проширување на средства во Буџетот на Општина Битола за 2008 година и тоа на следниот начин :

Се зголемуваат приходите на следните потставки: Буџет Самофин.Донации Дотации Кредит

741114 Пренесен вишок на приходи од претходната година 0 0 0 4,743,403 0

741114 Пренесен вишок на приходи од претходната година 76,053,131 0 0 0

76,053,131 0 0 4,743,403 0

**И се распоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки :**

**А0 СОВЕТ НА ОПШТИНА**

482120 Изградба на улици, патишта и автопати 4,000,000 0 0 0 0

482130 Реконструкција на улици, патишта и автопати 9,900,000 0 0 0 0

482720 Изградба на капацитети за водоснабдување 3,000,000 0 0 0 0

482730 Реконструкција на капацитети за водоснабдување 5,000,000 0 0 0 0

482920 Изградба на други објекти 1,062,500 0 0 0 0

482930 Реконструкција на други објекти 1,373,131 0 0 0 0

**Д1 МЕСНА САМОУПРАВА**

482930 Реконструкција на други објекти 437,500 0 0 0 0

**Г1 ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

425990 Други договорни услуги 200,000 0 0 0 0

426990 Други оперативни расходи 300,000 0 0 0 0

464990 Други трансфери 500,000 0 0 0 0

482120 Изградба на улици, патишта и автопати 4,000,000 0 0 0 0

482720 Изградба на капацитети за водоснабдување 3,000,000 0 0 0 0

482920 Изградба на други објекти 2,000,000 0 0 0 0

**Ј3 ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**

423990 Други материјали 2,000,000 0 0 0
0
424430 Поправки и одржување на опрема 3,000,000 0 0 0
0
**Ј6 ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈОТ**
482130 Реконструкција на улици, патишта и автопати 2,000,000 0 0 0
0
**К3 МУЗЕЈСКА И КИНОТЕЧНА ДЕЈНОСТ**
421240 Течни горива 0 0 0 18,370
0
**К4 КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО**
421440 Транспорт на луѓе 80,000 0 0 0
0
425130 Изнајмување на друг тип на простор 100,000 0 0 0
0
425920 Услуги за копирање, печатење и издавање 300,000 0 0
0 0
425990 Други договорни услуги 1,520,000 0 0 0
0
426210 Расходи за репрезентација 100,000 0 0 0
0
2.-

Се зголемуваат приходите на следните потставки : Буџет Самофин.
Донации Дотации Кредит
741114 Пренесен вишок на приходи од претходната година 0 0 0
4,743,403 0
741114 Пренесен вишок на приходи од претходната година76,053,131 0
0 0
76,053,131 0 0 4,743,403 0

**И се драспоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки**
426990 Други оперативни расходи 1,900,000 0 0 0
0
464990 Други трансфери 1,000,000 0 0 0
0
482620 Изградба на споменици 8,000,000 0 0 0
0
**ЛА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)**
482930 Реконструкција на други објекти 3,000,000 0 0 0
0
482930 Реконструкција на други објекти 6,130,000 0 0 0
0
**М1 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ**
421240 Течни горива 0 0 0 699,054
0
**М2 ДОМОВИ ЗА СТАРИ**
421240 Течни горива 0 0 0 61,256
0
**Н1 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**
401130 Основни плати - други вработени 0 0 0 1,327,132
0

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 401510 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 0 | 0 | 167,861 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | 0 | 486,174 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 0 | 0 | 210,989 | 0 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 0 | 0 | 0 | 11,473 | 0 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 0 | 0 | 0 | 36,544 | 0 |
| 403110 | Придонес за водоснабдување | 0 | 0 | 0 | 4,558 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 6,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 6,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | 150,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Н2** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | 0 | 1,027,026 | 0 |
| 401510 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 0 | 0 | 117,054 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | 0 | 379,704 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 0 | 0 | 154,911 | 0 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 0 | 0 | 0 | 8,688 | 0 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 0 | 0 | 0 | 28,651 | 0 |
| 403110 | Придонес за водоснабдување | 0 | 0 | 0 | 3,959 | 0 |
| | | 76,053,131 | 0 | 0 | 4,743,403 | 0 |

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2008 година а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.07-97/8
25.01.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на

Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за определување висина на благајнички максимум

1. Ја објавувам Одлуката за определување висина на благајнички максимум, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.01.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-197/7
30.01.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002 година), член 70 од Статутот на Општината Битола (Службен гласник на општина Битола бр 10/2005 година), и член 7а од Законот за платен промет („Службен весник на РМ“ 32/01, 50/01, 52/01, 103/01, 37/02, 41/02, 61/02, 42/03 и 13/06) Советот на

Општината Битола на седницата одржана на 25.01.2008 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за определување висина на благајнички максимум

### Член 1

Со оваа Одлука се определува висината на благајничкиот максимум што може да се подигни и држи во готови пари.

### Член 2

Висината на благајнички максимум на готови пари кој може да се држи во благајната изнесува до 100.000,оо денари.

Висината на благајнички максимум на готови пари кој може да се држи во благајната во девизни средства изнесува до 5.000 евра.

### Член 3

Средствата од благајничкиот максимум може да се користат за плаќање на производи и услуги кои поединечно не може да бидат повеќе од 100 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на плаќањето.

### Член 4

Условите и начинот на наплата, како и располагањето и плаќањето со пари ќе биде согласно Упатството донесено од страна на Министерот за финансии.

### Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-97/9
25.01.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за определување
патрон-светец заштитник на градот Битола

1. Ја објавувам Одлуката за определување патрон-светец заштитник на градот Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.01.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-197/8
30.01.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.01.2008 година, донесе

# О Д Л У К А
## за определување патрон-светец заштитник на градот Битола

### Член 1

Со оваа Одлука се определува патрон-светец, заштитник на градот Битола.

### Член 2

Како патрон – Светец заштитник на град Битола се определува светецот Преподобен Нектариј Битолски.

### Член 3

Одбележувањето – чествувањето на патронот – Светецот заштитник на градот Битола Преподобен Нектариј Битолски ќе се врши секоја година на 18 декември со прослава во организација на Градоначалникот на Општината.

Прославата ќе се организира во согласност со обичаите за одбележување на празникот Преподобен Нектариј Битолски во соработка со надлежните во Битолската епархија.

### Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-97/10
25.01.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за основање на „Индустриска зона Жабени“

1. Ја објавувам Одлуката за основање на „Индустриска зона „Жабени“, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.01.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-197/9
30.01.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 24 став 1 и 2 и член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 05/02), член 18, 23 и 70 од Статутот на Општината Битола („Сл.гласник на Општината Битола“ бр. 10/05),

Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.01.2008 година донесе

ОДЛУКА
за основање на „ИНДУСТРИСКА ЗОНА ЖАБЕНИ“

Член 1

Се основа Индустриска зона Жабени.

Член 2

Основач на зоната од член 1 на оваа Одлука е Општина Битола, со седиште во Битола, ул. „Булевар Први Мај“ бр. 61.

Член 3

Полниот назив на зоната гласи: „ИНДУСТРИСКА ЗОНА ЖАБЕНИ“.

Скратениот назив на зоната гласи: ИЗ ЖАБЕНИ.

Член 4

Индустриската зона Жабени се основа на земјиште сопственост на Република Македонија, со вкупна површина 85 хектари која претставува:

КО Битола КП 66, 67, 68, 69, 70, 71, 72, 73, 84, 85, 86, 87, 88, 89, 90, 91, 92, 83, 820, 838, 840, 839, 842.

Член 5

Индустриската зона Жабени се основа заради унапредување на локалниот економски развој на Општината Битола.

Член 6

Корисниците на Индустриската зона Жабени ќе можат да ги вршат сите дејности согласно „Националната класификација на дејности – НКД – Рев 1 („Сл. весник на РМ“ бр. 09/06)“.

Член 7

Индустриската зона Жабени се основа за време од 99 години.

Член 8

Работите во врска со управувањето на ИЗ Жабени основачот ќе ги делегира на Јавното претпријатие кое ќе се основа за таа намена.

Член 9

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл. гласник на Општината Битола“ .

Бр. 07-97/11
25.01.2008 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола,
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за основање на
Јавно претпријатие за стопанисување со
„Индустриска зона Жабени“

1. Ја објавувам Одлуката за основање на Јавно претпријатие за стопанисување со „Индустриска зона „Жабени“, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.01.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-197/10
30.01.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 21, 24 став 1 и 2 и член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 05/02), член 18 став 1 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), член 2 став 1 член 3 став 3, член 9 став 2 од Законот за јавните претпријатија

(„Сл.весник на РМ“ бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06 и 22/07), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.01.2008 год. донесе

## О Д Л У К А
## за основање на Јавно претпријатие за стопанисување со Индустриска зона „ЖАБЕНИ“

### Член 1

Со оваа Одлука се основа Јавно претпријатие за стопанисување со Индустриска зона „ЖАБЕНИ“.

Основач на Јавното претпријатие е Советот на Општината Битола.

### ДЕЈНОСТ

### Член 2

Дејностите на Јавното претпријатие се поврзани со управувањето на ИЗ „Жабени“:

- Планирање и развој на зоната и обезбедување на услови на просторот
- Организирање одржување на комуналните дејности во границите на зоната меѓу кои:
    - снабдување со вода за пиење на зоната,
    - снабдување и испорака на технолошка вода на зоната,
    - одржување на осветлувањето на јавните површини во зоната,
    - одведување и пречистување на отпадните води во зоната,
    - одржување на јавната чистота во зоната,
    - собирање и транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад во зоната,
    - снабдување на корисниците на зоната со природен гас и топлинска енергија,
    - реконструкција и заштита на улиците во зоната,
    - одржување и користење на јавните површини во зоната.

- Промовирање зоната, рекламирање и привлекување корисници
- Обезбедување заштита на јавната безбедност и сигурност на лицата и имотот во просторот на зоната и заштита од недозволена трговија
- Остварување соработка со органите на државната управа, јавните претпријатија и трговските друштва поврзани со зоната и тоа при обезбедување на согласности, одобренија, дозволи, односно сертификати утврдени со посебни закони потребни за основање, отпочнување со работа и работење со зоната.
- Активно следење на работењето на зоната и по потреба предлагање мерки до основачот
- Водење евиденција на сите договори за закуп и подзакуп на корисниците на зоната

2.-

- Донесување правилници за користење на просторот во зоната, дејностите кои ќе се вршат во зоната, внатрешниот ред и пропишување одделни мерки за заштита на животната средина и природата
- Склучување на договори за закуп и застапување на основачот при купопродажбата на земјиштето од зоната
- Привлекување основачи и корисници во зоната
- Склучување договори за вршење дејност со корисниците во зоната
- Донесување Тарифник за надоместоци за извршените услуги на корисници
- Врши други работи поврзани со функционирањето на зоната.

ФИРМА И СЕДИШТЕ

Член 3

Полниот назив на фирмата на Јавното претпријатие гласи:
„ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ИНДУСТРИСКА ЗОНА ЖАБЕНИ“.
Скратениот назив на фирмата ќе гласи:
ЈПСИЗ ЖАБЕНИ (во понатамошниот текст: Јавно претпријатие)
Седиштето на Јавното претпријатие е во Битола на ул.Бул.Први Мај бр. 61.

СРЕДСТВА ЗА ОСНОВАЊЕ

Член 4

Средствата за основање на Јавното претпријатие се обезбедуваат од основачот Општина Битола.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Член 5

Јавното претпријатие во вршењето на дејност од јавен интерес се организира на начин со кој се обезбедува единственост, ефиканост и максимален успех во просецот на работењето со цел за постигнување на највисоки резултати во техничкиот, технолошкиот, економскиот развој на Општината Битола. Постигнувањето на развој и усогласенот со општиот интерес и заштита на добрата од општ интерес, преку квлаитетно задоволување на потребите на корисниците на услуги.

Член 6

За извршувањето на задачите од член 5 на оваа одлука, Јавното претпријатие ќе се организира во одделенија чија работа поблиску ќе биде определена со Статутот на Јавното претпријатие.

ОРГАНИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Член 7

Органи на Јавното претпријатие се:

Управен одбор, Надзорен одбор за контрола над материјално-финансиското работење и директор.

Член 8

Надлежностите, организацијата и работата на органите на Јавното претпријатие како и другите работи од значање за делокругот на Јавното претпријатие ќе се уредат со Статутот на Јавното претпријатие.

Член 9

Управниот одбор на Јавното претпријатие се состои од 7 (седум) члена што ги именува и разрешува Советот на Општината Битола.

Мандатот на Претседателот и членовите на Управниот одбор трае 4 години.

Член 10

Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното претпријатие се состои од 5 (пет) члена кои ги именува, односно разрешува Советот на Општината Битола.

Во случај на престанок на мандатот или во случај на распуштање на Управниот одбор, или Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење тие продолжуваат да ги вршат функциите до именувањето на нов Управен одбор, односно Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење.

Мандатот на Претседателот и членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење трае 4 (четири) години.

Член 11

Директорот на Јавното претпријатие го избира Градоначалникот на Општината Битола по пат на јавен конкурс.

Член 12

Овластувањата, правата, обврските и одговорностите на органите на Јавното претпријатие ќе бидат регулирани со Статутот на Јавното претпријатие во согласност со закон.

## ДОНЕСУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Член 13

Статутот на Јавното претпријатие го донесува Управниот одбор на Јавното претпријатие.

Член 14

Со Стаутот на Јавното претпријатие поблиску се уредува: организацијата, управувањето и раководењето со јавното претпријатие, општите акти и постапката за нивното донесување и извршување, како и другите работи од значење за јавното претпријатие.

Член 15

Основачот дава согласност на Статутот на Јавното претпријатие.

Член 16

Донесувањето на Статутот на Јавното претпријатие ќе се изврши во рок од 30 дена од денот на основањето на Јавното претпријатие.

За вршител на дожноста Директор на Јавното претпријатие, Советот на Општината Битола го именува Трајче Котевски.

Вршителот на должноста Директор ќе ги врши работите за запишување на Јавното претпријатие во Трговскиот регистар и другите активности потребни за почеток со работата на Јавното претпријатие.

Член 17

Работите околу почетокот со работа на Јавното претпријатие ќе ги координира В.Д. директорот или лице овластено од него.

## ОДГОВОРНОСТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Член 18

Јавното претпријатие има својство на правно лице со своја жиро сметка, а за извршените и преземените обврски во правниот промет со трети лица одговара со целокупниот имот со целосна одговорност.

Член 19

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл. гласник на Општината Битола“ .

Бр. 07-97/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.01.2008 год. на Советот на Општината Битола,
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за именување членови во Управниот одбор на Јавно претпријатие за стопанисување со „Индустриска зона Жабени“

1. Го објавувам Решението за именување членови во Управниот одбор на Јавно претпријатие за стопанисување со „Индустриска зона „Жабени“, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.01.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-197/11
30.01.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 05/02), член 17 од Законот за јавните претпријатија („Сл. Весник на РМ“ бр. 38/96, 49/06 и 22/07), и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.01.2008 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
За именување членови во Управниот одбор на
Јавното претпријатие за стопанисување со
Индустриската зона „Жабени“

1. Во Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со Индустриската зона „Жабени“ се именуваат:

- Момирчевски Спире-Биотехнички факултет, од Битола, ул. „Борка Талевски“ бр. 15;
- Шеровски Димче, Металуршки факултет, од Битола, ул. „Народни Херои“ бр. 23;
- Поповски Благој, ССС, од Битола, ул. „Ристо Кавалиновски“ бр. 16;
- Каревски Цветко, ВКВ механичар ССС, од Битола, ул. „Ужичка Републикја“ бр. 40;
- Дабиќ Никола, Правен факултет, од Битола, ул. „ЈНА“ бр. 22/8;
- Трпковски Борче, Виша економска школа, од Битола, ул. „Бошко Буха“ бр. 80;
- Христовски Блалгој, Економски факултет, од Битола, ул. „Никола Тесла“ бр. 145.

2. Примерок од решението да се достави до именуваните и Јавното претпријатие.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл. гласник на Општината Битола“ .

Бр. 07-97/13
25.01.2008 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола,
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

## за објавување на Решението за именување членови во Надзорниот одбор за контрола над материјално-финансиското работење на Јавно претпријатие за стопанисување со „Индустриска зона Жабени“

1. Го објавувам Решението за именување членови во Надзорниот одбор за контрола над материјално-финансиското работење на Јавно претпријатие за стопанисување со „Индустриска зона „Жабени“, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.01.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-197/12<br>30.01.2008 год.<br>Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општината Битола,<br>Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 05/02), член 17 и 26 од Законот за јавните претпријатија („Сл. Весник на РМ“ бр. 38/96, 49/06 и 22/07) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.01.2008 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за именување членови во Надзорниот одбор за контрола над материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со Индустриската зона „Жабени“**

1. Во Надзорниот одбор за контрола над материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со Индустриската зона „Жабени“ се именуваат:

- Владислав Сотировски, Економски факултет, од Битола, ул. „ЈНА“ бр. 14/11;
- Весна Коруновска, Економски факултет, од Битола, ул. „Карпош“ бр. 5/3/9;
- Соња Карапачовска, Економски факултет, од Битола, ул. „Михајло Андоновски“ бр. 4/46;
- Билјана Јанкуловска, Економски факултет, од Битола, ул. „Минела Бабуковски“ бр. 2/3/41;
- Јосиф Балтовски, Економски факултет, од Битола, ул. „Михајло Бојаџиев“ бр. 2.

2. Примерок од решението да се достави до именуваните и Јавното претпријатие.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл. гласник на Општината Битола“ .

Бр. 07-97/14
25.01.2008 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола,
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за одвојување средства од Буџетот на Општината Битола за доизградба на Манастирот „Св. Преображение“ во Крушево

1. Ја објавувам Одлуката за одвојување средства од Буџетот на Општината Битола за доизградба на Манастирот „Св. Преображение“ во Крушево, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.01.2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-197/13
30.01.2008 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.01.2008 година, донесе

# О Д Л У К А

## за одвојување средства од Буџетот на Општината Битола за доизградба на Манастирот „Св. Преображение“ во Крушево

### Член 1

Од Буџетот на Општината Битола за 2008 година од Програмата ЕО – Администрација од ставката 426990 – Други оперативни трошоци да се издвојат 150.000 денари за доизградба на Манастирот „Св. Преображение“ започнат од сега покојниот Тоше Проески.

### Член 2

Средствата да бидат уплатени на жиро сметката на Манастирот отворена за таа намена.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

| | |
|---|---|
| Бр. 07-97/15 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 25.01.2008 г. | на Советот на Општината Битола |
| Б и т о л а | Лилјана Кузмановска |